Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на ден од дневни настани 02.10.2023

На 01.10.2023 во 15.20 часот на наплатната станица Градско, полициски службеници од Мобилната единица за компензаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции во Биро за јавна безбедност го приведе К.Џ.(23) од с.Тимјаник, неготинско. При преглед во патничкото возило „мерцедес", кое го управувал, бил пронајдена и одземена акцизна стока, односно 17 туби со вкупно 320 литри алкохолен пијалак без никакви документи. Лицето било задржано во полициска станица, а за настанот била известена Царинската управа. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Криминалистичката полиција при СВР Битола, до Основното јавно обвинителство Битола, поднесе кривична пријава против П.Ј.(37) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривични дело „насилство" по член 386 од Кривичниот законик. На 30.09.2023, во угостителски објект во комплекс „Нов пазар" во Битола, пријавениот физички и со дрвен предмет го нападнал И.В.(38) од Битола. По преземени мерки, полициски службеници го пронашле и привеле пријавениот. Тој бил изведен пред судија на претходна постапка, кој му определил мерка притвор.

На 01.10.2023 во 15.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.С.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.10.2023 на улица „Вонвардарска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го пронашле товарното возило „мерцедес спринтер" со тетовски регистарски ознаки, сопственост на Е.М.(32) од тетовска Голема Речица, а кое претходно било пријавено за одземено. Возилото и производите кои биле натоварени во него, биле одземени од страна на малолетник од тетовско Долно Седларце, кој се сомничи за инволвираност во случајот, по што биле вратени на сопственикот. На Б.Љ.(26) од Тетово му бил вратен скутер кој, исто така, бил во товарното возило. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.10.2023 од нива на патот за с.Бистрица, битолско, пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување во Битола подигнал артилериска граната со калибар 105 мм од Првата светска војна. Имено, претходно во СВР Битола, В.К.(36) од Битола пријавил дека ја пронашол гранатата при извршување на градежни работи на местото.

На 01.10.2023 од ул.„Паца Мирчева" во Битола, пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола ја подигнал школската тромблонска граната за која Д.А.(36) од Битола на 27.09.2023 во СВР Битола пријавил дека ја пронашол.
По текот на вчерашниот ден (01.10.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 563 возачи. Од нив 35 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а девет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 255 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 308 надвор од населено место.

По текот на изминатиот викенд, полициски службеници од Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 148 возачи. Од нив 66 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 39 санкции се изречени за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 23 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирани возила, а санкционирани се и 16 мотоциклисти за неносење на заштитен шлем.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 94 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 24 санкции за управување возило под дејство на алкохол, четири мерки за некористење на сигурносен појас...

На 01.10.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 56 прекршоци, од кои 43 надвор од населено место и 13 во населено место. Санкционирани биле и 24 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 1 за непрописно престигнување, 3 за некористење на сигурносен појас, 4 за неносење заштитен шлем и 3 за непрописно паркирање.

Денеска (02.10.2023) во 00.45 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на автопатот Гостивар – Тетово, на наплатна станица Гостивар, патничко возило „сеат ибица" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од З.Е.(19) од с.Чегране, гостиварско, излетало од патот и удрило во столб. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот З.Е., кој починал при транспорт во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар и јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 01.10.2023 во 12.50 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.Ц.(51) од Скопје пријавил дека на ул.„Горно Лисиче" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 01.10.2023 во 17.00 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на крстосницата од локален со шумски пат во долнореканското село Присојница, трактор „Тома Винковиќ" без регистарски ознаки, управуван од З.Л.(65) од ова село, излетал од патот. Притоа, возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Здравственот дом Ростуше. На местото на несреќата увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 01.10.2023 во 18.50 часот во СВР Тетово, 19-годишниот гостиварец М.П. пријавил дека на улица „101" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 01.10.2023 во 23.40 часот во СВР Тетово, С.Ќ.(41) од гостиварско Чајле пријавил дека на улица „Живко Брајковски" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 01.10.2023 во 09.30 часот на улица „15 Корпус" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода В.К.(39) од охридското село Велгошти, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.10.2023 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Охрид извршени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 39 возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-10, Струга-11, Кичево-15,Дебар-03).

На 30.09.2023 во 18.30 часот во близина на Граничниот премин Долно Блаце, кај железничкиот премин, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Долно Блаце при Регионалниот центар за гранични работи Север го привеле А.З.(32) од Република Албанија, кој бил затекнат при обид илегално да ја премине државната граница од Република Северна Македонија кон Косово, а не поседувал документи за идентификација. За случајот бил известен надлежен судија за понатамошна постапка.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Љ.Д.(67) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, на 18.03.2023, на објава на социјалната мрежа „фејсбук" поставил коментар со содржина со која ширел говор на омраза и насилство.

На 30.09.2023 во периодот од 10.00 до 13.30 часот на подрачјето на с.Гајре, тетовско, полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Тетово при Регионалниот центар за гранични работи Север ги привеле З.К.(44), Л.Н.(53), С.М.(43), Џ.Х.(57), М.Х.(33) и С.О.(59), сите од Република Албанија. По извршените проверки било констатирано дека лицата неприведено престојувале на подрачјето или престојувале спротивно на наведената цел за престој. Против лицата се поднесени барања за поведување постапка, а Основниот суд Тетово им изрече соодветни санкции, а од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Тетово донесени се решенија да ја напуштат територијата на државата со законски определена забрана за влез.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против И.М.(42) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранација". Тој, на 04.09.2023 во близина на казино во струшката населба „Плитишта" со нож го нападнал Б.И.(32) од струшкото село Велешта.

На 01.10.2023 во СВР Скопје било пријавено дека околу 16.30 часот во Спортско-рекреативен центар Сарај, за време на одржување на турнир во борење, М.Б. од с.Сарај, скопско и Р.М. од Скопје, го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против С.Т.(48) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 05.05.2023 во Велес, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронајдени се и одземени мешавина од кокаин и хероин и едно кесе со кокаин.

На 01.10.2023 во 19.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.С.(60) и Н.А.(59), од една страна и В.Д.(38) и Ѓ.О.(73), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(61) од село Седларево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 18.08.2022 во село Седларево, за време на семејна веселба, пријавениот од пиштол „црвена застава" калибар 7,65 мм со рамка со шест куршуми, кои ги поседувал без дозвола, испукал неколку куршуми во воздух.

На 01.10.2023 во 10.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.С.(39) и А.Х.(66), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.И.(24) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „насилство" и „предизвикување општа опасност". На 21.09.2023 во село Семеништа, пријавениот со нож го нападнал А.С.(23), по што од огнено оружје пукал кон него, но не го погодил.

На 01.10.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во 16.45 часот на подрачјето на Аеродром, настанал пожар во стан на бул.„Србија" во Скопје, сопственост на Б.В.(40) од Прилеп. Повредени лица нема. Увид бил извршен.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Д.В.(45) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.04.2023 на локален пат за село Мислешево, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и во возилото кое го управувал, при што пронашле и одзеле марихуана и хашиш масло.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет